# ОССУ ,,Ѓоце Стојчески‘‘

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

За работата на ОССУ,,Ѓоце Стојчески,, -Тетово за учебна 2024/2025 год .




Август, 2025

**СОДРЖИНА:**


1. Лична карта на училиштето -------3
2. Вовед -------4
3. Организација на работата на училиштето------6
    - Материјално - техничка подготовка------6
    - Организација на наставниот процес-----7
    - Реализација на Годишната програма за работа------9
    - Општиот успех на учениците на крајот на наставната 2022/2023година ---13
    - Извештај за државна матура ------13
    - Запишани ученици во учебната ----17
4. Реализација на наставата --------18
5 . Работа на управните и стручните органи и тела -----23
    - Училишен одбор------23
    - Совет на родители -----23
    - Наставнички совет на училиштето ----24
    - Менаџерски тим на училиштето--------24
    - Стручни активи----------25
    - Инклузивен тим-------25
6. Екскурзии-------26
7. Извори на финансирање ------26
8. Соработка со медиуми-------26
9. Приоритети------26

1. **Лична карта на училиштето:**

| | |
|---|---|
| Име на училиштето | ОССУ,,Ѓоце Стојчески,, |
| Адреса, општина, место | Браќа Миладинови бр.69, Тетово,Тетово |
| | |
| Телефон | 044/350-300;350-301,350-302 |
| Фах | 044/350-301 |
| Е-маил | Tex_tekn @yahoo.com |
| Основано од | 30. 09. 1953 со одлука на Народниот совет на општина Тетово. |
| Верификација број на актот<br>Година на верификација | УП1 13-3032/1 –дата 10.06.2020<br>УП1 13-2260-дата 29.12.2020<br>УП1 13-3032/5-дата 10.06.2020<br>УП1 13-3032/3-дата 10.06.2020<br>УП1 13-3032/4-дата 10.06.2020<br>УП1 13-3032/2-дата 10.06.2020<br>УП1 12-2503/2015 дата 11.05.2020 |
| Јазик на кој се изведува наставата | Албански |
| Година на изградба | 1953 |
| Тип на градба | Зграда |
| Површина на објектот | 1,622м/2 |
| Површина на училишниот двор | 4,650 м/2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | -650м/2 М-1 |
| Училиштето работи во смена | Две смени |
| Начин на загревање на училиштето | Парно греење |
| Број на оделенија | 20 |
| Број на паралелки | 36 паралелки |
| Број на смени | Две смени |

2. **Вовед:**

ОССУ ,, Ѓоце Стојчевски,, е формирано на 30. 09. 1953 со одлука на Народниот совет на општина Тетово. Од 07. 12. 2005 со законот за децентрализација на власта и законот за територијална поделба, училиштето продолжува како јавно општинско средно училиште според записникот Бр. 03- 1541/ 1 од 07. 12. 2005 година. Во учебната 2022/ 2023 година ОССУ ,,Ѓоце Стојчески,, постапува како средно стручно јавно општинско училиште со три основни насоки од 4- ти степен , кои следуваат:

**Текстилно- кожарска струка/сектор со наставни профили/квалификации:**

Техничар за изработка на облека(I/II/III/IV) УП1 13-3032/1 –дата 10.06.2020

Техничар за моделирање на облека I/II/III/ УП1 13-2260-дата 29.12.2020

Техничарза дизајн на облека(I/II/III/IV)УП1 13-3032/5 дата 10.06.2020

**Хемиско- технолошка струка/сектор со наставни профили/квалификации:**

Хемиско- лабараториски техничар(I/II/III/IV)УП1 13-3032/3 дата 10.06.2020

Прехрамбен техничар(I/II/III/IV) УП1 13-3032/4 дата 10.06.2020

Техничар за заштита на животната средина(I/II/III/IV) УП1 13-3032/2 дата 10.06.2020

**III. Уметничко образование-Ликовна уметност и дизајн**

Дизајнер за ентериер,мебел и индустриски производи(I,II,III,IV) УП1 12-2503/2015 дата 11.05.2016

- **Мисија:**

Смислата за постоењето на нашето училиште е подготовка на професионален кадар со современи знаења со способност и искуство за да се интегрираат во производствените капацитети како и да се образуваат за продолжување на школувањето во соодветните области.

МОТО НА УЧИЛИШТЕТО**,,ЕДУКАЦИЈА И СИЛА,,**

- ЕНЕРГИЈА МОТИВАЦИЈА
- ЗНАЕЊЕ ПОБЕДНИК
- МУДРОСТ ВОДИЧ
- КРЕАТИВНОСТ ИЗДРЖЛИВОСТ
- ДИСКРЕТНОСТ ИНИЦИЈАТИВА

Општинското средно стручно училиште ,, Ѓоце Стојчески,, претставува образовно- воспитна институција во која се образуваат и воспитуваат нови и нови млади кои независно се подготвуваат за идниот живот со цел да станат стручни и да се вклопат во производственото општество. . Нашето училиште им овозможува на учениците паралелно усвојување на современи знаења како и практична настава и лабораториски вежби кои ги усовршуваат и им овозможуваат да бидат конкурентни на пазарот на трудот.

- **Визија:**

Подготовка на млади професионални кадри кои своите знаења и вештини стекнати во четиригодишното школувањее можат да ги применат во работниот процес го прави нашето школо еден партнер за почит во социјалниот живот на нашиот град и пошироко.

Исто така нашето училиште овозможува перманентна квалификација на возрасни кадри преку курсеви за преквалификација.

Нашето училиште од ден на ден се подготвува за спроведивање на теоријата ,, ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ,, и затоа врши постојана обука на наставно- воспитниот кадар со нови методи во наставата и во практичната настава.

3. **Организација на работата на училиштето:**

- **Матерјално техничка подготовка:**

Наставните средства се главен фактор за успешно реализирање на целите,задачите и едукативно- образовниот процес .Снабдување со наставни и помошни средства донесува до зголемување на активноста на учениците и зглемување на квалитетот на наставата и учењето , реализација на образовните програми и со тоа постигнување на подобар успех.

Училиштето располага со :7 компјутери,7 принтери за потребите на администрацијата во училиштето
1 проектор за потребите на педагошката служба
1 лаптоп за потребите на педагошката служба
2 проектори за потребите на наставниот кадар
2 смарт –табли за потребите на Студиото за Дизајн и кабинетот по информатика
1 статичен проектор за потребите на Студио за Дизајн
30 компјутери за потребите на учениците
4 принтери за потребите на наставниот кадар и учениците
2 фотокопири за потребите на наставниците и учениците

- Ова година училиштето изврши :
- Варосување на внатрешни зидови
- Поправка и варосување на ходникот во спортската сала
- Поправка и варосување на кабинетот за потребите на прехрамбениот смер(во тек е пристигнувањето на донација за потребите на овој смер кујна и потребни материјали за работа)
- Комплетно средување на дворот пред и зад училиштето
- Обновување на просторијата за психолог и педагог и снабдување на истата со материјално-технички средства (работна маса,шкафчиња,полици,столици)
- Снабдување со дидактички средства.

- **Организација на наставниот процес:**

Воспитно-образовниот процес во ОССУ,,Ѓоце Стојчески,, - Тетово во наставната 2024/2025 година се реализираше според Календарот за организација на наставата за учебната 2024/2025година донесен од МОН на Р. Северна Македонија .

Наставната година започна на 02.09.2024 година, а првото полугодие заврши на 31.12.2024 година. Зимскиот распуст за учениците започна на 01.01.2025 година и траеше до 24.01.2023 година. Второто полугодие започна на 21.01.2025   наставната година за учениците од завршните класови заврши на 19 мај, а за останатите ученици на 10 јуни 2025 година.

Пред почетокот на наставната година беа реализирани следните подготовки:
изработка на Годишната програма за работа на училиштето, распределба на часови по наставни предмети распределба на раководители на паралелките, поделба на задолженија (одговорни наставници на стручните активи, комисии за изведување на испити и др. комисии), изработка на распоред на часови, изработка на распоред за дополнителната и додатната настава, изработка на глобални и тематски планирања во кои се интегрирани и содржини од еко стандардите .

Воспитно-образовната дејност во училиштето ја реализираат Директор на училиштето, помошник директорот, психолог, библиотекар, 65 наставници и 4 лаборанти .

Од страна на сите наставници се изработени и предадени годишни,глобални и тематски распределенија.

Раководителите на паралелките го следеа успехот, редовноста и дисциплината на учениците, соработуваа со Директорот и стручната служба. Со родителите беа одржани по најмалку 4 групни родителски за секој клас во секоја година.

Годишните наставни програми ,глобални и тематски се потготвени и доставени од сите наставници.

Директорот на училиштето ги реализира задачите и активностите планирани во Годишната програма за работа на училиштето, програмата за работа на

Директорот и други тековни работи кои произлегоа од соработката со Секторот за образование, МОН, БРО, ЦСО и пошироката општествена заедница.

Во текот на работата Директорот заедно со стручните соработници посетија голем број на наставни часови со цел на следење на имплементирање на наставата , активни наставни методи и ИКТ технологијата и други вештини и способности со кои наставниците се стекнаа во процесот на перманентниот стручен развој и обавуваа педагошко инструктивни разговори со наставниците. Директорот ја следеше и учествуваше во целокупната

работа во училиштето: воспитно -образовниот процес, техничко – материјалните
услови за работа, кадровската политика, финансиската итн.

Психологот ,педагогот ги реализираа планираните задачи од програмата за работа, самостојно и заедно со директорот посетија голем број на наставни часови и вршеа други тековни работи: учествуваа во планирањето и изведувањето на целокупната воспитно - образовна работа, учествуваа во
изработка на статистички и други извештаи, педагошко-инструктивна работа со наставниците и наставниците приправници, работа во комисии, работа во стручни органи, проекти и усовршувања.Тие Реализираа голем број индивидуални и групни советодавни разговори со ученици и родители.

Психологот.педагогот реализираат советувањето за родителите на оние ученици кои
покажуваат слаб успех, имаат изостаноци или покажуваат несоодветно однесување. Ги реализираше и активностите предвидени според планот и акциските планови за цела година за наставници,ученици и родители.

- **Реализација на Годишната програма за работа:**

**Активности, воннаставни активности , проекти,обуки, семинари и работилници релизирани во текот на годината за наставници, стручни работници и ученици**.

## ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИТЕ 2024-2025

- **18-19.09.2024** – Обука 6: *Основни вештини за дигитална писменост во наставата*
- **07-10.10.2024** – Реализација на пилот-тестирањето PISA (учествуваа три групи ученици на возраст од 15 години, родени во периодот 01.01.2008 – 31.12.2008)

 **01.09.2024 – 31.03.2025** – Евидентирање на учениците кои добиваат потврди за образовни додатоци од проектот за финансиска условеност – проект поддржан и финансиран од Светска банка.

 **21.10.2024** – Проект реализиран од претставници на Секторот за внатрешни работи со тема: „Не управувај возило без дозвола и положен испит, почитувај ги правилата и прописите во сообраќајот, заштити се себеси и другите". Активноста се реализираше со учениците од втора година во просториите на училиштето.

 **25.10.2024** – Обука за стандардите и индикаторите за квалитет за евалуација на работата на координаторот за практично образование.

 **07.2024 (јули)** – Обука на тема: „Стандарди и индикатори за квалитет за евалуација на работата на координаторот за практично образование". Учесник: проф. Африм Бериша.

 **06, 07, 08, 27.11.2024** – Обука реализирана од Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор". Обуката се реализираше во просториите на Здружението „ХендиМак" кое нуди услуги за лица со попреченост. Учествуваа учениците Арифе Хазири и Шкелќим Јаја (четврта година) со асистентка Лирије.

 **08.11.2024** – Доброволно дарување на крв со учениците од четврта година во училиштето. Беше забележан голем интерес за доброволно дарување на крв.

 **19.11.2024** – Во нашето училиште престојуваа претставници од Народниот правобранител кои организираа предавање и анкета со учениците од трета година.

 **29.11.2024** – Јавна дебата на тема: „Причините и состојбата со миграцијата на младите од Полошкиот регион". Проектот беше реализиран од:

- Асоцијација за демократски иницијативи – Гостивар
- Институт за лидерство и јавни политики
- Центар за едукација и развој
- Институт за социјални промени „ИнСОК" – Тетово
  Учество земаа 10 ученици од втора година, 6 од четврта година, 8 од трета година заедно со психологот и социологот.
- 
- **03.12.2024** – Обука одржана во хотел „Сити Парк" – Скопје на тема: *Квалитет и мерење на квалитетот – стандардите и индикаторите за мерење на квалитетот на работата на координаторот за учење преку работа*.
  Учесник: проф. Африм Бериша.
- **03-04.12.2024** – Во рамки на проектот „Осигурување на квалитетот во работата на координаторот за учење преку работа кај работодавачот" се одржа дводневна обука на тема: *Квалитет и мерење на квалитетот – стандардите и индикаторите за мерење на квалитетот на работата на координаторот за учење преку работа*.
  Обука реализирана во хотел „Сити Парк" – Скопје. Од нашето училиште учествуваше координаторот проф. Африм Бериша.
- **2024** – Регионален проект за осигурување на квалитетот на работата на координаторите на поврзување со работата. Учесници: заменик-министерот за образование Лулзим Алиу, амбасадорот на Р. Австрија г. Мартин Памер, директорот на Центарот за АПТ, г-ѓа Елизабет Огустин – раководителка на оддел во OeAD и г-ѓа Мадалена Коминчини – австриска образовна координаторка (OeAD). Обука одржана во хотел „Александар Палас" – Скопје.
- **12.12.2024** – Едукативна работилница во хотел „Лираку" – Тетово, организирана од Фондацијата KVINNA – Шведска, Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство и Психотерапевтскиот центар CORTEX.
  Учесници: психолог Береника Чамили, педагог Зеџије Идризи.

- **18.12.2024** – Регионален проект за осигурување на квалитетот на работата на координаторите на поврзување со работата. Учесници: заменик-министерот за образование Лулзим Алиу, амбасадорот на Р. Австрија Мартин Памер, директорот на Центарот за АПТ, г-ѓа Елизабет Огустин (OeAD) и Мадалена Коминчини – координаторка за образование од Австрија (OeAD).
- **17.01.2025** – Изложба на учениците од нашето училиште со наслов „Едно парче уметност“. Изложбата се реализираше надвор од државата, во Република Албанија – во претседателството. Учествуваа група ученици, професори и градоначалникот со својот тим.
- **25.02.2025** – Регионална обука за зајакнување на капацитетите за спроведување на Зелената агенда на локално ниво, за Полошкиот регион на РСМ.
  Реализирана во просториите на НБ Компани – Тетово, со учество на претставници од граѓанскиот сектор и локалните институции. Од нашето училиште учествуваше проф. Скендер Скендери.
- **25.02.2025** – Панел-дискусија во конференциската сала на хотел „Меркур“ – Тетово, на тема: *Подобрување на системот за заштита на жртвите од родово и семејно насилство*.
  Организатор: Здружение на психолози, советници и психотерапевти „Cortex“ – Тетово.
  Учесници: шефот на кабинетот на општина Тетово – Басри Мехмедалија, Светлана Цветковска – раководителка на сектор за еднакви можности, Ана Аврамоска – координаторка на проектот Национална мрежа против насилство, како и психолози и педагози од основни и средни училишта.
- **20.03.2025** – Состанок на координаторот на нашето училиште со професорите кои ја реализираат наставата „Учење преку работа кај работодавачот“, со следниот дневен ред:
  - Информирање околу меморандумите за соработка со компаниите.
  - Решавање на проблеми при реализацијата на часовите од УПРР.
- **04.04.2025** – Во рамки на проектот „Тие се со нас“ за децата со посебни потреби, неформалната група на млади „Гласна младина“ организираше подготвителна сесија во просториите на поранешното Радио Тетово, каде беа поканети психолози, педагози, социолози од средните училишта и по еден ученик од секоја година.
- **Јавна благодарност од УЈП (Државна управа за јавни приходи)** – УЈП изрази благодарност до учениците за соработката во реализирањето на активностите за даночно образование и нивниот значаен придонес во подготовката на едукативни видеа, преку нивното творештво со поддршка од професорите и раководството на училиштето.
-  **18.04.2025** – Летна правна школа „Ние, законот и правото“.
  Учесници: педагог, социолог и ученици од прва година.
-  **29.04.2025** – Посета на Деновите на отворени врати на Саемот за кариера во Универзитетот на Тетово.
  Учесници: психологот со учениците од трета и четврта година (вкупно 20).

- **29.04.2025** – Посета со учениците на изложба во Културно-информативниот центар (КИЦ) – Скопје.
- **30.04.2025** – Панел-дискусија на тема: „Значењето на родовата еднаквост во превенцијата на насилството врз жени и девојки“, одржана во Europe House – Тетово.
  Учесници: психолог и педагог.
- **14.05.2025** – Семинар по психологија на тема: „Благосостојбата и ризичното однесување кај адолесцентите“, реализиран во просториите на Универзитетот на Тетово.
  Учесници: психолог и двајца ученици.
- **14.05.2025** – Посета на нашето училиште од страна на претставници и ученици од основното училиште „Наим Фрашери“.
- **16.05.2025** – Јавен панел на тема: „Образованието на раскрсница: Дали ги подготвуваме младите за иднината?“
  Учесници: пет претставници од нашето училиште. Активноста се реализираше во просториите на Универзитетот на Југоисточна Европа.
- **19.05.2025** – Едукативно предавање организирано од Центарот за јавно здравје – Тетово, одржано во нашето училиште на тема: „Пушењето и негативните ефекти врз организмот“.
  Лектор: д-р Фатон Адеми, специјалист.
  Присутни: 120 ученици од сите години.

- **Извештај за успехот и редовноста на учениците:**

**Општиот успех на учениците н крајот на наставната 2024-25 год, ке ги имате во прилог.**

- **Извештај за државна матура и завршен испит:ќе ги имате во прилог**

**Запишани ученици во учебната 2025-26год.**

**Во прилог ке имате подетални информации за запишување на ученици во 2025-26год.**

**4.Реализација на наставата:**

Редовната настава по сите предмети се реализираше согласно Наставниот план и програм. Наставниците имаа навремено изготвено годишни,тематски и дневни подготовки.

- **ПРАКТИЧНА НАСТАВА**

Во согласност со развојот на практичната настава во нашето училиште во тек на оваа учебна година ги превземавме следниве мерки:

- Правилна употреба на машинскиот парк во постоечките работилници
- Целосно спроведување на новите теоретски знаења во практичната настава
- Ангажирање во производствениот процес
- Соработка со фирмите

**Хемиско -технолошки смер** Ренова, Грин Продукт Везе Шари ,пекара ,,Арена, ,,Витамил, ,,слаткара ,,Дуди Теќе,, Хит 73,, ,, Жито Полог ,,

**Текстилно –кожарски смер** шнајдерски салон,,Хава,, Малери Груп ,, ,,Мисиони ДООЕЛ, Ди –Симоне-Елита –инекс, Империјал ХТТ,

**Дизајн и ентериер на мебел и индустриски материјали** Мобиле Аљба,

- **Изборна настава**

Изборната настава се реализираше во III-та  со неделен фонд од  1 час и IV-та година со неделен фонд од 1 час.на база на реформите за  план-програмите спроведени од страна на ЦССО , а  одобрени од страна на   МОН.

| **ТЕХНИЧАР ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА** | **ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ** | |
|---|---|---|
| **МОДУЛ** | III | IV |
| ТОКСИЧНА ХЕМИЈА | ОТРОВНИ СУПСТАНЦИИ | АЛКОХОЛ И ДРОГА |
| ТЕХНОЛОШКИ МАТЕРИЈАЛИ ВО ИДНИНА | НАНОМАТЕРИЈАЛИ | АЛТЕРНАТИВНИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА |
| ХЕМИСКО ИСПИТУВАЊЕ ВО МЕДИЦИНАТА | ФОРЕНЗИЧКИ ИСПИТУВАЊА | КЛИНИЧКА ХЕМИЈА |
| ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РАБОТА | ОРГАНИЗАТИВНО ОДНЕСУВАЊЕ | БИЗНИС И ПРЕТПРИЕМНИШТВО |
| МОДУЛ<br>ОПШТООБРАЗОВЕН МОДУЛ | БИОЛОГИЈА<br>ФИЗИКА | ХЕМИЈА<br>МАТЕМАТИКИА |
| | | |

| **ЛАБАРАТОРИСКО-ХЕМИСКИ ТЕХНИЧАР** | **ИСВОРНИ ПРЕДМЕТИ** | |
|---|---|---|
| МОДУЛ | III | IV |
| ТОКСИЧНА ХЕМИЈА | ОТРОВНИ СУПСТАНЦИИ | АЛКАЛОИДИ И ДРОГА |
| ТЕХ.МАТЕРИЈАЛИ ВО ИДНИНАТА | НАНОМАТЕРИЈАЛИ | АЛТЕРНАТИВНИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА |
| ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РАБОТА | ОРГАНИЗАЦИСКО ОДНЕСУВАЊЕ | БИЗНИС И ПРЕТПРИЕМНИШТВО |
| МОДУЛ<br>ОПШТООБРАЗОВЕН МОДУЛ | ИНФОРМАТИКА<br>БИОЛОГИЈА | МАТЕМАТИКА<br>ХЕМИЈА |
| ХЕМ. ИСПИТУВАЊЕ ВО МЕДИЦИНАТА | ФОРЕНЗИЧАРСКО ИСПИТУВАЊЕ | КЛИНИЧКА ХЕМИЈА |

| **ПРЕХРАМБЕН ТЕХНИЧАР** | **ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ** | |
|---|---|---|
| МОДУЛИI | III | IV |
| ПРОИЗ. НА ПРЕХРАМБЕНИ ПРОИЗВОДИ | АДИТИВИ,ЗАЧИНИ И ТЕЧНОСТИ | МАСТИ,МАСЛАИ ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО |
| НУТРИЗИОНИЗАМ | ПОДГОТОВКА И ТРЕТИРАЊЕ НА ПРЕХ. ПРОИЗВОДИ | ДИЕТЕТИКА |
| ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТА | ОРГАНИЗАЦИСКО ОДНЕСУВАЊЕ | |
| ОПШТООБРАЗОВЕН МОДУЛ | ФИЗИКА<br>ИНФОРМАТИКА | МАТЕМАТИКА<br>ХЕМИЈА |

| **ТЕХНИЧАР ЗА МОДЕЛИРАЊЕ НА ОБЛЕКА** | **ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ** | |
|---|---|---|
| МОДУЛ | III | IV |
| ДОРАБОТКА И НЕГА НА ОБЛЕКА | ДОРАБОТКА НА ОБЛЕКА | НЕГА НА ОБЛЕКА |
| ЕСТЕТСКО ОБЛИКУВАЊЕ | | ДИЗАЈНЕРАЊЕ МОДЕЛИ ЗА КОЛЕКЦИЈА |
| ОПШТО ОБРАЗОВЕН МОДУЛ | МАТЕМАТИКА | МАТЕМАТИКИА |

| **ТЕХНИЧАР ЗА ИЗРАБОТКА НА ОБЛЕКА** | **ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ** | |
|---|---|---|
| МОДУЛИ | III | IV |
| КОМПЈУТЕРСКО КОНСТРУИРАЊЕ НА ОБЛЕКА | КОМПЈУТЕРСКО КОНСТРУИРАЊЕ НА ОБЛЕКА | КОМПЈУТЕРСКО КОНСТРУИРАЊЕ НА ОБЛЕКА |
| НЕГА НА ОБЛЕКА | | НЕГА НА ОБЛЕКА |
| ТЕХНОЛОШКИ ПРОЦЕСИ НА ИЗРАБОТКА НА ОБЛЕКА | | ИЗРАБОТКА НА ЗАШТИТНА ОБЛЕКА |
| ОПШТО ОБРАЗОВЕН МОДУЛ | МАТЕМАТИКА<br>ХЕМИЈА | МАТЕМАТИКА<br>ХЕМИЈА |
| | | |

| **ТЕХНИЧАР ЗА ДИЗАЈН НА ОБЛЕКА** | **ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ** | |
|---|---|---|
| МОДУЛ | III | IV |
| УМЕТНОСТ И ДИЗАЈН | ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ТЕХ. МАТЕРИЈАЛИ | ИЗРАБОТКА НА МОДНИ ДОДАТОЦИ |
| ПРОИЗВОДНИ ПРОЦЕСИ И ТЕХНОЛОГИИ | | ИЗРАБОТКА НА СВЕЧЕНА ОБЛЕКА |
| ОПШТООБРАЗОВЕН МОДУЛ | МАТЕМАТИКА | МАТЕМАТИКА |

- **Дополнителна настава**

За сите ученици со слаб успех се организираше дополнителна настава.

- **Додатна настава**

За учениците кои имаат желба да ги унапредат знаењата по некој предмет се организираше додатна настава која се спроведува по барање на ученикот.

- **Индивидуални програми за ученици со посебни образовни потреби**

  За сите ученици со посебни потреби имаме направени акциски планови според кои наставниците ја организира наставата.

- **Поврзување на еколошката настава со редовната програма**

  Секој предметен професор имплементирал најмалку три стандарди во годишната план-програма.

- **Употрба на ИКТ во наставата**

  Секој професор предвидел реализација на наставната програма преку информатичка технологија најмалку 30% од наставни часа.

- **Слободни часови и содржини програмирани од училиштето**

  Во рамките на слободните часови се реализираа проектни активности од повеќе области:

- Кариерно планирање II год.
- Сведско наследство во рацете на младите I Год
- Подготовка за работа и вработување планирање III- год.
- Ученичка компаниа III- год.
- Учење на работно место IV год

Во текот на целата учебна година беше реализирано од наставници што предават општи предмети -Содржини програмирани од училиштето се тие програми кои ги подготвуваат самите стручни наставници и ги одобрува ЦССО. Ова година имавме само еден наставник кој ги реализираше овие часови.

4. **Работа на управните и стручните органи и т**ела:

- **Училишен Одбор:**

**Членовите на училишен одбор:**

Претставници од наставнички совет:Х. Шаќири, А.Сарковска, Љ.А.Селмани, С.Нухиу-претседател
Претставници од совет на родители: Самихат С.Емине Смајли .Радије И.,
Претставници од советот на општина:Шпреса Р.,Доронтина М., Ларита Р.
Претставници од МОН: Сашо М.
Претставници од Економска комора:Самет З

Училишниот одбор во состав од горенаведените членови на сите одржани седници ги усвои: Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година, Извештајот за работа на училиштето за учебната 2024/2025. Извештај за извршениот попис на средствата и финансиската состојба, Завршната сметка , го усвои годишниот план за јавни набавки , усвојување на годишниот финансов план на училиштето , ги следеше резултатите на учениците, даваше поддршка за обезбедување на професионален развој на наставниците, реализираше други прашања утврдени со Статутот на училиштето и др.

- **Совет на Родители:**

Соработката со Советот на родителите се одвиваше континуирано во текот на целата година. Родителите беа директно запознати и вклучени во сите активности на училиштето. Советот на родители разгледуваше прашања од животот и работата на училиштето на крајот на секое тримесечие го разгледуваше успехот, редовноста и поведението на учениците, соработуваше со директорот, наставниците, психологот и со свој претставник учествуваше во работата на Училишниот одбор. На редовните состаноци ја разгледуваа состојбата и реализација на наставата ,вклучувајќи ја и темата за безбедност на учениците на социјалните мрежи, а номинираа и свој преставник во Тимот за безбедност во соработка со МВР. И покрај тоа што безбедноста е на високо ниво благодарение на преземените мерки, се препорачува родителите, учениците и наставниците, во секојдневните активности, да ја истакнуваат потребата од поголема меѓусебна толеранција и почитување помеѓу сите субјекти во воспитно- образовниот процес.

- **Наставнички Совет на училиштето:**

Наставничките совети на паралелките одржаа по 4 состаноци две за секое полугодина. На состаноците беше разгледуван успехот, редовноста и поведението на учениците, изрекувани педагошки мерки, наставниците соработуваа со Советот на родители и предлагаа мерки за надминување на проблеми со редовноста и дисциплината на учениците. Наставничкиот совет на училиштето одржа состаноци на кои беа разгледувани успехот, редовноста и дисциплината на учениците, беа изрекувани педагошки мерки и пофалби за учениците На состаноците беа разгледани: Годишниот извештај за работа, Годишната програма, Правилници, молби, разни информации, актуелните ситуации и други тековни работи. Психологот ги реализираа планираните задачи од програмата за работа, самостојно и заедно со директорот и помошник директорот посетија голем број на наставни часови и вршеа други тековни работи: Учествуваа во планирањето и програмирањето на целокупната воспитно - образовна работа, учествуваа во изработка на статистички и други извештаи, педагошко - инструктивна работа со наставниците и наставниците приправници, работа во комисии, работа во стручни органи. Реализираа голем број индивидуални и групни советодавни разговори со ученици и родители. Психологот го реализира психолошкото советување за родителите на оние ученици кои покажуваат слаб успех и имаат изостаноци.

- **Менаџерски тим на училиштето:**

Училиштето во изминатата учебна година функционираше под раководствона директор Музафер Ливорека и помошник директор Сулејман Фетаи. Наставата се одвиваше во две смени во училиштето функционира и стручна служба составена од психолог Береника Ќамили , педагог Зудије Идризи социолог Вјоса Зеќири. Административниот дел на училиштето функционира со еден секретар Неџмије Ибраими, благајник Неџат Османи и две одговорни наставници за двата смена прва смена Бесим Салаи и втора смена Рилинд Хисмани.

- **Стручни активи:**

Наставниците се групирани во овие стручни активи:

- Албански јазик
- Македонски јазик
- Странски јазик
- Информатика
- Ликовна уметност
- Социологиа и хисториа
- Хемија
- Текстил
- Математика

Стручните активи навремено изготвија Извештај за работата за претходната година и План за работа за тековната. Активите ги реализираа следните активности:

- Изработување на глобални , тематски и неколку оперативни планови за час со цел усогласување на методолошкиот пристап во реализирање на наставата
- Реализација на дополнителна настава за учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на материјалот.
- Реализација на додатна настава за надарени ученици за нивно учество на натпреварите.
- Учество на учениците на натпревари
- Активот на хемија и текстил одржа состаноци за разгледување на фирми каде учениците ке ја реализират практичната настава, учењето преку работа кај работодавачот и фериалната пракса.

- **Инклузивен тим:**

На почетокот на учебната година од страна на Директорот на училиштето се формира Инклузивен тим поради спроведување на инклузивниот процес на ученици со посебни образовни потреби кои се вклучени во нашето училиште . Во текот на целата учебна година имаше континуирана соработка на стручните соработници со наставниците, учениците и родителите на овие ученици со цел изработување на Индивидуален образовен план за секој ученик нивно успешно прилагодување и социјализација со учениците во паралелката, училиштето и средината. Оваа година имавме 9 ученици со попреченост за кои имавме обечбедени 7 наставни асистенти.

5. **Екскурзии:**

Оваа година се реализирани неколку екскурзии со едукативен карактер. Учениците од трета и четврта година беа во Драч и сите други во мај беа во Струга. Во мај за завршните години се реализираше и матурската вечер.

6. **Извори на финансирање:**

Финансиските средства на училиштето се обезбедуваат преку буџетот предвиден на ниво на средни училишта од Општина Тетово и од сопствени средства.

7. **Соработка со медиумите:**

Соработка со медиуми Училиштето беше отворено за соработка со сите електронски и пишани медиуми кои покажаа интерес за објавување на реализираните активности во текот на учебната година.

Извештајот го подготви:
Помошник директор-Сулејман Фетаи
Училишен психолог-Береника Ќамили
Педагог – Зудије Идризи
Социолог-Вјоса Зеќири

| В.Д. Директор | Претседател на училишен одбор |
| --- | --- |
| Музафер Ливорека | Ларита Реџепи |
| ______________________ | ____________________ |

Август , 2025